0201 - 334; 14.10.2022

NLB Banka

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 точка 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница, одржана на ден 14.10.2022 година, ја донесе следната:

## Одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје

### Член 1

Во Статутот на НЛБ Банка АД Скопје се вршат следните измени:

Секаде во текстот на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје називот **„Служба за усогласување со прописите и информативната сигурност“** се менува со нов назив **„Центар за усогласување со прописите и интегритет“** и зборовите **„Раководител на Служба за усогласување со прописите и информативната сигурност“** се менуваат со зборовите **„Директор на Центар за усогласување со прописите и интегритет“** и во оваа насока соодветно се врши и техничко усогласување на текстот на Статутот.

### Член 2

**Во член 12 став 1** точката 16 која гласи „Управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти;“ **се брише.**

Последователно со промената, точките 17, 18(18-а и 18-б), 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 стануваат 16, 17(17-а и 17-б), 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26.

**Во член 12 во став 3 се брише бројот 18,** а последователно броевите **23, 24, 25, 26 и 27 стануваат број 22, 23, 24, 25 и 26.**

**Во член 12 по став 3** се додава нов **став 4** кој гласи:
„Финансиските активности за кои е потребна посебна согласност од гувернерот на НБРСМ или друг орган, Банката ги врши по добивање на потребната согласност.“

### Член 3

**Во член 61 став 2** зборовите „**4 (четири)**“ се менуваат и гласат „**3 (три)**“.

### Член 4

**Во член 64-г, став 1, по алинеја 11** се додаваат две нови алинеи кои гласат:

„- Раководи со директорот на Секторот за финансиско управување;
- Раководи со директорот на Деловниот сектор за финансиски пазари и средства.“

**Во член 64-г, став 3 се брише.**

Последователно со промената **ставот 4** станува **став 3** и во истиот став зборот **„Третиот“** се менува и гласи **„Другиот“** и **по алинеја 6** се додава **нова алинеја 7 која гласи:**

„- Раководи со директорот на Секторот за работа со готовина и депо."

Последователно со промената **алинејата 7** станува **алинеја 8**.

**Член 5**

**Во член 65, став 6** зборовите **„најмалку половина"** се менуваат и гласат: **„мнозинство".**

**Во член 65, став 7 се менува и гласи:**

„Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови."

**Во член 65, став 8 се брише.**

Последователно со промената **ставовите 9, 10, 11, 12 и 13** стануваат **ставови 8, 9, 10, 11 и 12**.

**Член 6**

**Во член 74 став 4** се менува и гласи:

„Членови на Одборот за управување со ризиците се:

- Претседателот на Управниот одбор, кој е и претседател на Одборот за управување со ризиците;
- Едниот член на Управниот одбор;
- Помошникот на Управниот одбор надлежен да раководи со директорот на Деловниот сектор за работа со корпоративни клиенти и директорот на Секторот за кредитна анализа и администрација;
- Директорот на Деловниот сектор за управување со продажна мрежа;
- Директорот на Секторот за правни работи и секретаријат;
- Директорот на Секторот за ризици, евалуација и контрола;
- Директорот на Деловниот сектор за финансиски пазари и средства;
- Директорот на Секторот за информатичка технологија;
- Директорот на Секторот за управување со проблематични пласмани и интензивен третман на клиенти."

**Член 7**

**Во член 83-б, став 5** бројот **„16" се менува и гласи: „15".**

**Во член 83-б, став 6 се менува и гласи:**

„Членови на Надзорниот одбор врз ИС се:

- Претседателот на Управниот одбор;
- Едниот член на Управниот одбор;
- Другиот член на Управниот одбор;
- Директорот на Секторот за финансиско управување;
- Директорот на Деловниот сектор за финансиски пазари и средства;
- Директорот на Деловниот сектор за работа со корпоративни клиенти;
- Директорот на Деловниот сектор за управување со продажна мрежа;
- Директорот на Секторот за работа со готовина и депо;
- Директорот на Секторот за логистика на продажбата;
- Директорот на Секторот за информатичка технологија;
- Директорот на Секторот за платни системи;
- Директорот на Секторот за ризици, евалуација и контрола;
- Директорот на Секторот за правни работи и секретаријати;
- Директорот на Центарот за усогласување со прописите и интегритет или одговорното лице за сигурност на информативниот систем;

NLB Banka

- Директорот на Секторот за управување со проблематични пласмани и интензивен третман на клиентите.“

**Во член 83-в, став 13, буквата „и“** пред зборовите **„Кредитниот одбор на Банката“ се заменува со запирка,** а по зборовите „Кредитниот одбор на Банката“ се додаваат зборовите **„и Одборот за управување со ризици“**.

**Член 8**

Со оваа одлука се овластува Надзорниот одбор да подготви и пречистен текст на Статутот во кој ќе бидат внесени горенаведените измени и дополнувања на Статутот.

**Член 9**

Со оваа одлука се овластува Надзорниот одбор да усвои измени на одлуката, на барање на Народната банка на Република Северна Македонија, во постапката за добивање претходна согласност.

**Член 10**

Оваа одлука стапува на сила на денот на добивање согласност од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 19.12.2022 година.

Претседавач на
Собранието на акционери на
НЛБ Банка АД Скопје